РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Број 1325

Скопје, 1 март 2025 година

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 23.1.2025 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област компјутерски науки на Факултетот за компјутерски науки и инженерство во Скопје, и врз основа на Одлуката на 38. седница на Наставно-научниот совет, донесена на 20.2.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Жанета Попеска, редовен професор во пензија на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (претседател), д-р Марија Михова, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (член) и д-р Весна Димитрова, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (член).

Како членови на Рецензентската комисија, извршивме преглед на доставената документација и го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област компјутерски науки, во предвидениот рок се пријави само кандидатката Билјана Тојтовска Рибарски, доктор на информатички науки, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Билјана Тојтовска Рибарски е родена на 25.10.1980 година во Скопје. Основно и средно училиште завршила во Скопје. Била член на македонскиот тим на меѓународните математички олимпијади за средношколци. Учествувала на повеќе балканијади и светски олимпијади, на кои освоила пофалници и два бронзени медала.

Во 1999 се запишала на студиите по теориска математика на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во 2001 година е избрана меѓу најдобрите студенти на УКИМ. Дипломирала во 2004 со просек 9,88 со дипломска работа на тема „Нумерички методи за проблеми со гранична вредност. Мултигрид методи“. Како стипендист на DAAD, во 2005 година продолжила на магистерски студии по стохастика и финансиска математика на Техничкиот универзитет „Кајзерслаутерн“ во Германија. Во 2007 година, под менторство на проф. Ralf Korn, ја комплетирала магистерската теза под наслов “Martingale decompositions with application in Finance” за која добила оценка 10. Студиите ги завршила со просек 10 и за резултатите постигнати за време на магистерските студии добила признание за најдобар студент на Институтот за математика. За време на својот престој во Германија, една година работела како истражувач на проектот “Asset liability managment”, во рамките на Институтот ITWM Fraunhofer во Кајзерслаутерн. Учествувала на различни семинари, меѓу кои и работилницата организирана од Credit Suisse, во Франкфурт, на тема “Equity derivatives”.

По враќањето во Македонија работела во Министерството за финансии, во Одделот за истражување при Секторот за јавен долг на РС Македонија. Д-р Билјана Тојтовска Рибарски била дел од организацијата и Комисијата за оценување на државните натпревари и олимпијади по математика во Република Северна Македонија. Била член и на жирито за оценување на Балканската математичка олимпијада за средношколци, одржана во Охрид, 2008, како и на SEEMOUS-меѓународната математичка олимпијада за студенти, одржана во Охрид, 2015.

Во 2009 година се вработила на Институтот за информатика при ПМФ, кога и е избрана за помлад асистент, а од 2011 година го започнала својот ангажман на

Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, како асистент. Држела вежби на повеќе предмети на додипломски студии (Линеарна алгебра, Дискретна математика 1 и 2, Дискретни структури 1, 2 и 3, Калкулус 1 и 2, Веројатност и статистика, Статистика, Теорија на информации, Операциони истражувања, Нумеричко сметање, Диференцијално и интегрално сметање, Случајни процеси). Во 2011 година ја започнала работата на докторската теза под наслов „Стабилност на некои математички модели на стохастички невронски мрежи”, под менторство на проф. д-р Светлана Јанковиќ, редовен професор на ПМФ, Ниш, Србија и коменторство на академик д-р Љупчо Коцарев. Резултатите од истражувањето се објавени во престижни рецензирани меѓународни списанија со импакт-фактор, а дел се презентирани и на меѓународни конференции.

На 18.10.2014 година успешно ја одбранила докторската дисертација, со што се стекнала со звањето доктор по информатички науки, а во јануари 2015 година е избрана за доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Во 2015 година е избрана меѓу најдобрите научници на УКИМ.

Во мај 2020 е избрана во звањето вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1215 од 15.5.2020.

Од последниот реизбор до сега, д-р Билјана Тојтовска Рибарски држела настава на повеќе предмети на додипломски студии – Дискретна математика (на македонски и англиски), Математика 2, Математика 3, Веројатност и статистика (на македонски и англиски), Дискретни структури 1, Статистичко моделирање, Податочно рударење, како и предметите на втор циклус студии – Бајесова анализа на податоци, Статистичко учење, Стохастичко моделирање, Модерни симулации и моделирање.

Д-р Билјана Тојтовска Рибарски учествувала во меѓународни научноистражувачки проекти, а била и раководител на повеќе национални проекти финансирани од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Рецензирала трудови за престижните списанија со импакт-фактор, но и трудови на меѓународни научни собири.

Д-р Билјана Тојтовска Рибарски зборува англиски, се служи со германскиот, а има и основни познавања од шпанскиот и грчкиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1215 од 15.5.2020, бр. 1083 1.9.2014, бр. 1091 од 31.12.2014, бр. 1017 од 17.10.2011, изборот за асистент на Институтот за информатика на ПМФ и претходните постигнувања, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, кандидатката д-р Билјана Тојтовска Рибарски изведува настава и вежби на прв циклус студии на сите студиски програми и настава и вежби на втор циклус студии.

На прв циклус студии изведува настава (предавања и/или вежби) по предметите: Дискретни структури 1, Веројатност и статистика (на македонски и англиски), Дискретна Математика (на македонски и англиски), Математика 2, Математика 3, Податочно рударење и Статистичко моделирање.

На втор циклус студии изведува настава по предметите: Бајесова анализа на податоци, Статистичко учење, Стохастичко моделирање, Математички методи во биоинформатика, Модерни симулации и моделирање и најголем дел од нив ги подготвувала како нови предмети.

Кандидатката била ментор на дипломски труд и учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на дипломски работи, магистерски и докторски трудови. Таа земала учество во подготвителната настава која се организира на ФИНКИ за новозапишаните студенти. Коавтор е на универзитетска збирка на решени задачи по веројатност и статистика.

Според извештајот за самоевалуација усвоен од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот, кандидатката има добиено позитивна оценка од спроведената анкета на студентите.

Научноистражувачка дејност

До извештајниот период, кандидатката има објавено 19 научноистражувачки трудови во реномирани меѓународни научни списанија од сите наставно-научни области од наставно-научните полиња компјутерски науки, информатика и математика и тие се рецензирани заклучно со изборот во звањето вонреден професор.

Во тековниот изборен период, кандидатката има објавено 8 труда со оригинални научни/стручни резултати, од кои 2 во списание со фактор на влијание, 3 се објавени делови од монографија во странство и 3 се трудови со оригинални резултати, кои се рецензирани и објавени во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор чии членови се од најмалку 3 земји. Д-р Билјана Тојтовска Рибарски има учествувано на 3 меѓународни конференции со секторско предавање или постерска презентација, а апстрактите се објавени во зборник од рецензирани научни трудови.

Кандидатката има рецензирано 14 трудови, поднесени во реномирани меѓународни списанија и конференции.

Д-р Билјана Тојтовска Рибарски во извештајниот период била раководител на 3 национални научни проекти, а учесник во 2 национални и 1 меѓународен проект.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Билјана Тојтовска Рибарски била координатор во подготовката на елаборатот за студиската програма Информатика, на трет циклус студии на ФИНКИ, и е раководител на истата студиска програма. Како претседател на Комисијата за самоевалуација на ФИНКИ, учествувала во самоевалуацијата на УКИМ во 2022 година и повторно била член на Комисијата за самоевалуација на ФИНКИ во 2024 година. Д-р Билјана Тојтовска Рибарски била дел од промотивните настани на ФИНКИ, била член на надзорниот одбор на ICT-ACT 2023 – 2025, а била и член на програмскиот одбор на годишните конференции ICT Innovation и CIIT од 2020 година до денес.

Оцена на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Билјана Тојтовска Рибарски

Од Анексот кон Извештајот за избор во наставно-научно звање, може да се види дека кандидатката д-р Билјана Тојтовска Рибарски има 76,52 поени од наставно-образовната дејност, 77,40 поени од научноистражувачката дејност и 14,80 поени од стручно-применувачката дејност, или вкупно 168,72 поени. Според ова, д-р Билјана Тојтовска Рибарски има значително поголем број на поени од потребниот минимален број на поени потребен за избор во звањето за кое конкурира.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изнесеното и врз основа на личното познавање на кандидатката, Комисијата позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Билјана Тојтовска Рибарски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Билјана Тојтовска Рибарски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во наставно-научната област компјутерски науки.

Од сето погоре наведено, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Билјана Тојтовска Рибарски да биде избрана во звањето редовен професор во наставно-научната област компјутерски науки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Жанета Попеска, претседател, с.р.
Проф. д-р Марија Михова, член, с.р.
Проф. д-р Весна Димитрова, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Билјана Стефан Тојтовска Рибарски
Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје
Научна област: компјутерски науки

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

Ред. Бр.	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1.	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,86. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.	да
2.	Научен степен – доктор на информатички науки Назив на научната област: информатика; поле: информатика; подрачје: природно-математички науки.	да
3.	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование **3.1.1.** 1. Назив на научното списание: **Applied Sciences, MDPI** 2. Назив на електронската база на списанија: **Web of Science, Impact factor (2023) IF=2,5** 3. Наслов на трудот: **Deep Learning Methods for Bug Bite Classification: An End-to-End System** 4. Година на објава: **2023** **3.1.2.** 1. Назив на научното списание: **Medicina, MDPI**	да

Ред. Бр.	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Назив на електронската база на списанија: **Web of Science, Impact factor (2022) IF=2,6** 3. Наслов на трудот: **Systemic and Ophthalmic Manifestations in Different Types of Refractive Errors in Patients with Down Syndrome** 4. Година на објава: **2023**	
3.2	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови **3.2.1.** 1. Назив на научното списание: International scientific journal Mathematical Modeling Vol. 8 (2024), Issue 3 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 60 членови од 30 земји (https://stumejournals.com/mm.htm#editorial-board) 3. Наслов на трудот: Bayesian vs. frequentist inference - an ophtalmic study on ocular perfusion pressure 4. Година на објава: 2024 **3.2.2.** 1. Назив на научното списание: International scientific journal Mathematical Modeling Vol. 8 (2024), Issue 2 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 60 членови од 30 земји (https://stumejournals.com/mm.htm#editorial-board) 3. Наслов на трудот: Key aspects of Markov Chain Monte Carlo simulations in Bayesian statistical analysis 4. Година на објава: 2024 **3.2.3** 1. Назив на научното списание: Journal of Ocular Diseases and Therapeutics 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 11 членови од 5 земји (Италија 6, Кина 2, Полска 1, Канада 1, Конго 1) (https://savvysciencepublisher.com/jms/index.php/jodt/about/editorialTeam) 3. Наслов на трудот: Pressure Related Ocular Parameters in Caucasian Patients with Primary Open-Angle Glaucoma 4. Година на објава: 2021	да
3.4	Зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји **3.4.1.**	да

Ред. Бр.	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	1. Назив на зборникот: Springer Proceedings in Mathematics & Statistics: Perspectives in Dynamical Systems II —Numerical and Analytical Approaches (монографија) 2. Назив на меѓународниот собир: 16th International conference Dynamical Systems Theory and Applications (DSTA 2021), December 2021 3. Имиња на земјите: Програмски одбор со членови од 19 земји (**https://web.archive.org/web/20210805043806/https://dys-ta.com/scientific_committee**) 4. Наслов на трудот On the General Decay Stability of Coupled System of Stochastic Neural Networks with Impulses, Markovian Switching and Node and Interconnection Delays 5. Година на објавување 2024 **3.4.2.** 1. Назив на зборникот Springer Proceedings in Mathematics & Statistics: Perspectives in Dynamical Systems III: Control and Stability (монографија) **2. Назив на меѓународниот собир 15th International Conference Dynamical Systems - Theory and Applications (DSTA 2019) December 2021, Lodz Poland** 3. Имиња на земјите: Програмски одбор со членови од 21 земја (https://web.archive.org/web/20190328173715/https://dys-ta.com/scientific_committee) 4. Наслов на трудот Stability of coupled systems of stochastic Cohen-Grossberg neural networks with time delays, impulses and Markovian switching 5. Година на објавување 2021 **3.4.3.** 1. Назив на зборникот Springer Series: Communications in Computer and Information Science, ICT Innovations 2021 2. Назив на меѓународниот собир ICT Innovations 2021 3. Имиња на земјите: Програмски комитет со членови од 26 земји (https://web.archive.org/web/20210620005333/http://ictinnovations.org/programme-committee) 4. Наслов на трудот Digital Shift: Assessment of Mental States Through Passive Mobile Sensing	

Ред. Бр.	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	5. Година на објавување 2021	
4	Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: **Збирка решени задачи по веројатност и статистика** 2. Место и година на објава: Билтен 1311, 15.7.2024 **Скопје, Република Северна Македонија, 2024**	да
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: Билтен бр. 1215 од 15.5.2020	да
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Жанета Попеска, претседател, с.р.
Проф. д-р Марија Михова, член, с.р.
Проф. д-р Весна Димитрова, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Билјана Стефан Тојтовска Рибарски
Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје
Научна област: компјутерски науки

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Прв циклус студии	28,47
2	Втор циклус студии	24,95
3	Подготовка на нов предмет	12,00
4	Пакет материјали на одреден предмет	4,00
5	Дипломски работи, магистерски, докторати – менторства и учество во комисии за одбрана	1,60
6	Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум	3,00
7	Настава во школи и работилници	2,50
8		
9		
10		
	Вкупно	**76,52**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови	10,5
2	Дел од монографија објавен во странство	14,4
3	Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование	14,7
4	Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество	2,0
5	Апстракт објавен во зборник на конференција	3,0
6	Постер на научен/стручен собир	1,0

7	Рецензија на научен/стручен труд	2,8
8	Раководител на национален проект	18,0
9	Учесник на национален научен проект	6,0
10	Учесник на меѓународен научен проект	5,0
	Вкупно	**77,40**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	Елаборат за студиска програма на трет циклус студии Информатика (2023)	1
2	Учество во промотивни активности на Факултетот	0,5
Дејности од поширок интерес		
1	Член на факултетска комисија	1
2	Раководител на постдипломски или докторски студии	2
3	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир	10
4	Член на одбор на здружение поврзано со струката	0,3
	Вкупно	**14,8**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**76,52**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**77,40**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**14,80**
Вкупно	**168,72**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Жанета Попеска, претседател, с.р.
Проф. д-р Марија Михова, член, с.р.
Проф. д-р Весна Димитрова, член, с.р.

Прилог 1

Наставно-образовна дејност

Ангажираноста во наставниот процес по учебни години, семестри и предмети на д-р Билјана Тојтовска Рибарски во периодот од мај 2020 до декември 2024 на ФИНКИ е дадена во следниве табели:

Прв циклус студии					**Поени**			
Год.	**Семестар**	**Предмет**	**Предавања**	**Аудиториски вежби**	**Лабораториски вежби**	**Студенти**	**Одржување настава**	**Консултации со студенти**
2020/2021	зимски	Веројатност и статистика	3	2	1	125	3,15	0,250
		Веројатност и статистика (англиски)	3			125	1,80	0,250
		Дискретни структури 1	3			107	1,80	0,214
2020/2021	летен	Дискретна математика (англиски)	3			143	1,80	0,286
		Податочно рударење	2			42	1,20	0,084
		Статистичко моделирање	2	1	2	7	2,55	0,014
2021/2022	зимски	Дискретни структури 1	3			153	1,80	0,306
							0,00	0,000
							0,00	0,000
2021/2022	летен	Податочно рударење	2			15	1,20	0,030
							0,00	0,000
							0,00	0,000
							0,00	0,000
2022/2023	летен	Дискретна математика	1,5	1,5		71	1,58	0,142
		Податочно рударење	1	1	0,5	14	1,28	0,028
							0,00	0,000
2023/2024	зимски	Веројатност и статистика	3			119	1,80	0,238
		Дискретни структури 1	3			123	1,80	0,246
							0,00	0,000
2023/2024	летен	Математика 2	3			153	1,80	0,306
		Податочно рударење	1	1	0,5	17	1,28	0,034
							0,00	0,000
2024/2025	зимски	Веројатност и статистика	0,6			102	0,36	0,204
		Математика 3	0,6			47	0,36	0,094
		Дискретни структури 1	3			98	1,80	0,196
					Вкупно		**25,55**	**2,922**
							Вкупно	**28,47**

Втор циклус студии						**Поени**		
Година	Семестар	Предмет	Предавања	Аудиторски вежби	Лабораториски вежби	Студенти	**Одржување настава**	**Консултации со студенти**
2020/2021	зимски	Бајесова анализа на податоци	4			6	3,00	0,012
2020/2021	зимски	Математички методи за биоинформатика	2			1	1,50	0,002
2020/2021	летен	Статистичко учење	4			1	3,00	0,002
2021/2022	зимски	Бајесова анализа на податоци	4			6	3,00	0,012
2022/2023	зимски	Бајесова анализа на податоци	4			4	3,00	0,008
2022/2023	зимски	Бајесова анализа на податоци	4			1	3,00	0,002
2023/2024	зимски	Модерни симулации и моделирање	2	2		1	2,40	0,002
2023/2024	летен	Бајесова анализа на податоци	4			1	3,00	0,002
2024/2025	зимски	Бајесова анализа на податоци	4			4	3,00	0,008
						Вкупно	**24,90**	**0,05**
							Вкупно	**24,95**

Подготовка на нов предмет (предавања и вежби)

Ред. бр.	Предмет	Предавања	Број на семестри	Вежби	Број на семестри	**Поени**
1.	Податочно рударење	1	1	1	1	1,5
2.	Бајесова анализа на податоци (втор циклус) (зависно од примена)	1	6			6
3.	Модерни симулации и моделирање (втор циклус)	1	1			1
4.	Статистичко учење (втор циклус)	1	1			1
5.	Математички методи за биоинформатика (втор циклус)	1	1			1
6.	Статистичко моделирање (прв циклус)	1	1	1	1	1,5
					Вкупно	**12**

Пакет материјали на одреден предмет (предавање и вежби)

Ред. бр.	Предмет	**Поени**
1.	Математика 2	1
2.	Математика 3	1
3.	Статистичко моделирање	1
4.	Податочно рударство	1
	Вкупно	**4**

Дипломски работи, магистерски, докторати – менторства и учество во комисии за одбрана

		Студенти	**Поени**
1.	Ментор на дипломска работа	1	0,2
2.	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа	1	0,1
3.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура	2	0,6
4.	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат	1	0,7
		Вкупно	**1,6**

Настава во школи и работилници

		Година	Учесник	Раководител	Поени
1	Подготвителна настава на ФИНКИ	2020	1	1	2,5
				Вкупно	**2,5**

Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум

	Наслов	Рецензија	Автор/ко-автор	По-ени

1.	Збирка решени задачи по веројатност и статистика, проф. д-р Жанета Попеска, проф. д-р Верица Бакева Смиљкова, проф. д-р Марија Михова, проф. д-р Александра Поповска Митровиќ, проф. д-р Наташа Илиевска, вонр. проф. д-р Билјана Тојтовска Рибарски, Пеце Георгиев	Билтен бр. 1311, 15.7.2024	коавтор	3
			Вкупно	**3**

Прилог 2

Научноистражувачка дејност

Научноистражувачката дејност на д-р Билјана Тојтовска Рибарски во периодот од мај 2020 до декември 2024 е дадена во следниве табели:

Дел од монографија објавен во странство

Ред. бр.	Автори	Наслов	Списание	Година	Поени
1.	B. Tojtovska, P. Ribarski	On the General Decay Stability of Coupled System of Stochastic Neural Networks with Impulses, Markovian Switching and Node and Interconnection Delays	Springer Proceedings in Mathematics & Statistics: Perspectives in Dynamical Systems II —Numerical and Analytical Approaches (DSTA 2021)	2024	5,4
2.	B. Tojtovska, P. Ribarski	Stability of coupled systems of stochastic Cohen-Grossberg neural networks with time delays, impulses and Markovian switching	Springer Proceedings in Mathematics & Statistics: Perspectives in Dynamical Systems III: Control and Stability (DSTA 2019)	2021	5,4
3.	E. Krajchevska, N. Petreska, O. Handjiski, S. Andovska, B. Ilijoski, P. Lameski, P. Ribarski, B. Tojtovska	Digital Shift: Assessment of Mental States Through Passive Mobile Sensing	Springer Series: Communications in Computer and Information Science, ICT Innovations 2021	2022	3,6
				Вкупно	**14,4**

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование

Ред. бр.	Автори	Наслови	Списание	година	IF	Поени
1.	B. Ilijoski, K. T. Dineva, B. T. Ribarski, P. Petrov, T. Mladenovska, M. Trajanoska, I. Gjorshoska, P. Lameski	Deep Learning Methods for Bug Bite Classification: An End-to-End System	Applied Sciences, MDPI	2023	2,5	7,3
2.	A. Ljubic, V.Trajkovski, B. Stankovic, B.Tojtovska, A. Langmann, G. Dimitrova, I. Jovanovic, M. Tesic	Systemic and Ophthalmic Manifestations in Different Types of Refractive Errors in Patients with Down Syndrome	Medicina, MDPI	2022	2,6	7,4

					Вкупно	**14,7**

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови

Ред. бр.	Автори	Наслови	Списание	година	Поени
1.	B. Tojtovska, P. Ribarski, A. Ljubic, G. Dimitrova	Bayesian vs. frequentist inference - an ophtalmic study on ocular perfusion pressure	International scientific journal Mathematical Modeling Vol. 8 (2024), Issue 3	2024	3
2.	K.Tenev, B. Tojtovska,	Key aspects of Markov Chain Monte Carlo simulations in Bayesian statistical analysis	International scientific journal Mathematical Modeling Vol. 8 (2024), Issue 2	2024	3
3.	G. Dimitrova, A. Ljubic, B.Tojtovska, K.Tagasovska, U. Tomashevic	Pressure Related Ocular Parameters in Caucasian Patients with Primary Open-Angle Glaucoma	Journal of Ocular Diseases and Therapeutics	2021	4,5
				Вкупно	**10,5**

Апстракти објавени во зборник на конференција/постер

Ред. бр.	Автори	Наслов	Меѓународна конференција	Апстракт (1)	Постер (0,5)	Поени
1.	B. Tojtovska, R. Mojsovski	Methods for estimation of CAPM beta's for Macedonian stock exchange data (abstract in proceedings)	International Conference on Computer Science and Mathematics Dedicated to prof. Smile Markovski 21 May – 23 May 2024 Ohrid, North Macedonia	да		1
2.	K.Tenev, B. Tojtovska,	Key aspects of Markov Chain Monte Carlo simulations in Bayesian statistical analysis (abstract in proceedings with poster presentation)	VIII International Scientific Conference “Mathematical Modelling” 11-14.12.2024 Borovets, Bulgaria	да	да	1,5

3.	B. Tojtovska, P. Ribarski, A. Ljubic, G. Dimitrova	Bayesian vs. frequentist inference - an ophtalmic study on ocular perfusion pressure (abstract in proceedings with poster presentation)	VIII International Scientific Conference “Mathematical Modelling” 11-14.12.2024 Borovets, Bulgaria	да	да	1,5
					Вкупно	**4**

Раководител на национални научни проекти

Ред. бр.	Име на проектот	Финансиран од	Период на траење	**Поени**
1.	Статистички методи алтернативни на традиционалната анализа на податоци (продолжение)	ФИНКИ	2020 – 2021	6
2.	Статистичко моделирање	ФИНКИ	2021 – 2022	6
3.	Статистичко моделирање (продолжение)	ФИНКИ	2022 – 2023	6
			Вкупно	**18**

Учесник на национални научни проекти

Ред. бр.	Име на проектот	Финансиран од	Период на траење	Поени
1.	Извлекување на знаење од податоци во транспортната инфраструктура преку користење на техники од машинско учење	ФИНКИ	2023 – 2024	3
2.	Извлекување на знаење од податоци во транспортната инфраструктура преку користење на техники од машинско учење (продолжение)	ФИНКИ	2024 – 2025	3
			Вкупно	**6**

Учесник на меѓународен научен проект

Ред. бр.	Име на проектот	Финансиран од	Период на траење	Поени
1.	EuroCC – Национални центри за компетенција за пресметка со високи перформанси	EU Horizon 2020	2020 – 2022	5
			Вкупно	**5**

Прилог 3

Стручно-апликативна дејност

Стручно-апликативната дејност на д-р Билјана Тојтовска Рибарски во периодот од мај 2020 до декември 2024 е дадена во следниве табели:

Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма

Ред. бр.		**Поени**
1.	Елаборат за студиска програма на трет циклус студии – Информатика (2023)	1
	Вкупно	**1**

Учество во промотивни активности на Факултетот

Ред. бр.		**Поени**
1.	Отворен ден на Факултетот	0,5
	Вкупно	**0,5**

Член на факултетска комисија

Ред. бр.		Година	**Поени**
1.	Комисија за самоевалуација на ФИНКИ за УКИМ	2022	0,5
2.	Комисија за самоевалуација на ФИНКИ	2024	0,5
		Вкупно	**1**

Член на одбор на здружение поврзано со струката

Ред. бр.		Година	**Поени**
1.	Член на надзорен одбор на ICT-ACT 2023 – 2025	2023 – 2025	0,3
		Вкупно	**0,3**

Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир

Ред. бр.	Конференција	Година	**Поени**
1.	ICT Innovations	2020	1
2.	CIIT	2020	1
3.	ICT Innovations	2021	1
4.	CIIT	2021	1
5.	ICT Innovations	2022	1
6.	CIIT	2022	1
7.	ICT Innovations	2023	1
8.	CIIT	2023	1

9.	ICT Innovations	2024	1
10.	CIIT	2024	1
		Вкупно	**10**

Координатор на студиска програма

Ред. бр.		Поени
1.	Раководител на трет циклус – насока: Информатика	2
	Вкупно	**2**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Жанета Попеска, претседател, с.р.
Проф. д-р Марија Михова, член, с.р.
Проф. д-р Весна Димитрова, член, с.р.